DIFERAL Информативен билтен бр. 5
Ноември 2026

DIFERAL MOOC курсот е веќе достапен!

Како наставниците можат да им овозможат на сите ученици активно да учествуваат во образованието за животната средина, без да ги намалат очекувањата? DIFERAL ги обединува диференцираната педагогија и образованието за животната средина преку практични пристапи во наставата.

DIFERAL MOOC курсот е веќе достапен! Наставниците, едукаторите и стручните лица од областа на образованието за животната средина можат да истражуваат програма за учење со сопствено темпо, развиена од партнерите од Грција, Финска, Италија, Северна Македонија и Полска.

Курсот ги поврзува заедничките цели на учење со флексибилни начини на учење, учество и покажување на стекнатото знаење и разбирање. Наставните сценарија, визуелните ресурси, видеата и квизовите помагаат овие идеи да се преточат во конкретни одлуки при планирањето и спроведувањето на наставата.

По пилот-тестирањето и направените подобрувања, проектот сега ја поканува поширокаата образовна заедница да ги користи ресурсите и да ги сподели своите искуства.

Истражете го курсот: https://diferal.csciformazione.eu

Референтен број на проектот: 2024-1-EL01-KA220-SCH-000252810



Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

Пет модули.
Практични идеи за наставата.

Курсот обединува пет модули кои меѓусебно се надополнуваат:

1. Основи на диференцираната педагогија
Задржете ги заедничките цели на учење, истовремено приспособувајќи ги ресурсите, активностите и поддршката.

2. Интегрирање на образованието за животната средина со диференцираната настава
Поврзете ги темите од областа на животната средина со флексибилни и значајни можности за учење.

3. Создавање инклузивни и културно одговорни средини за учење
Поддржете го учеството и чувството на припадност во училници со различности.

4. Дигитални алатки за инклузивно образование и образование за животната средина
Користете дигитални ресурси за да го направите учењето појасно и подостапно.

5. Рефлексивна практика и оценување засновано на компетенции
Користете рефлексија и оценување за унапредување на наставата и препознавање на постигнувањата во учењето.

Секој модул нуди три нивоа: основно, средно и напредно. Текстовите, видеата, визуелните ресурси и квизовите го поддржуваат напредокот во учењето, додека дигиталните значки служат како признание за постигнатите резултати.

Референтен број на проектот: 2024-1-EL01-KA220-SCH-000252810



Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

Тестирано заедно.
Подготвено за споделување.

Едукатори и стручни лица од областа на образованието и обуката од петте партнерски земји го тестираа MOOC курсот и дадоа повратни информации за неговата содржина, навигацијата, квизовите и дигиталните значки. Нивните забелешки придонесоа за ревидирање на содржините и помогнаа да се идентификуваат областите во кои е потребно подобрување на искуството при учењето.

Сега е вашиот ред. Посетете ја платформата, креирајте корисничка сметка и запишете се на курсот. Истражувајте ги модулите со сопствено темпо и поврзете ги активностите со вашиот наставен контекст.

По завршувањето на курсот, споделете го вашето искуство преку анкетата за задоволство на учесниците. Вашите повратни информации ќе им помогнат на партнерите подобро да разберат како ресурсите функционираат во практиката..

Партнерите исто така подготвуваат национални мултипликаторни настани на кои ќе бидат претставени резултатите од проектот, ќе биде демонстриран MOOC курсот и ќе се овозможи вклучување на поголем број училишта и едукатори.

Споделете го курсот со колега и придонесете инклузивното образование за животната средина да стане дел од наставата во што повеќе училници.

Започнете со учење: https://diferal.csciformazione.eu

Референтен број на проектот: 2024-1-EL01-KA220-SCH-000252810

Останете во тек со DIFERAL
Веб-страница: https://diferal.eu | Е-пошта: diferal.eu@gmail.com

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union